


enterprise
europe
network

*Мрежа на бизнис можности*

# Поддршки за МСП на регионално ниво

АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА
НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Поддршки за МСП на регионално ниво

Деловното опкружување на локално ниво има пресудно влијание врз малите претријатија, без оглед каде се лоцирани и дали за политиките за поддршка и јакнење на економскта конкурентност се одлучува и се спроведуваат на локално или регионално ниво. Европејците развиле инструменти за поттикнување на регионалниот развој со цел да ги поддржат иницијативите на регионалните актери како и да го промовираат вмрежувањето помеѓу различните региони во Европа. Овие инструменти го поттикнуваат претприемништвото, го поддржуваат основањето на новите претпријатија и ги прават регионалните малите и средни претпријатија поконкурентни.

## Инвестиции за поддршка на локалните иницијативи

Кохезионата политика е еден од централните столбови на општата стратегија на ЕУ за конкурентност, раст и нови работни места.

***Структурни фондови 2007-2013***

Структурните фондови 2007-2013 обезбедуваат повеќе од 300 милијарди евра за регионален развој. Повеќе од две третини од овие средства се употребени како мерки за промовирање на бизнисот, вработеноста и растот. Малите и средните претпријатија се наоѓаат во средиштето на кохезионата политика, која има за цел да ги направи бизнисите регионално поконкурентни. Со оваа политика, до 2013 се очекува да се инвестираат околу 27 милијарди  што е најголемиот дел од финсирањето на ЕУ во областа на претприемништвото и услуги на делованата поддршка. МСП ќе бидат поддржани во областа на истражувањетоо и развојот, иновации и пристапот до извори на знаење со 68 милиони евра, додека за  информациите и комуникациските технологии се очекува да се алоцираат околу 15 милиони евра.

***Европски социјален фонд 2007-2013***

Европскиот социјален фонд 2007-2013 ја признава посебната улога на малите и средните претпријатија во создавањето на нови работни места. Директната помош на компаниите  е така дизајнирана за да им овозможи поуспешно да се адаптираат на променливите услови на пзарот. Ова вклучува поддршка за развој на човечките ресурси (на пример: обука за вработените и раководниот кадар), внатрешната структура на самите претпријатија, креирање на специфични деловни услуги кои ги третираат потребите на МСП или нивните долгорочни стратегии за обука. Тоа исто така обезбедува помош на луѓето кои сакаат да се самовработат како и за оние кои ќе работат на промовирање на претприемништвото во образовните ситеми. Сé на сé, сите овие разновидни поддршки

досегаат вредност од 16 милијарди евра. Подетално на: http://ec.europa.eu/employment_social/esf/index_en.htm

***Иновациите, финансирањето и деловната поддршка***

Трошењата се фокусираат на мерките кои ќе го помогнат развојот на малите и средните претпријатија, како што се ***иновациите, финансирањето и деловната поддршка***. Во овој момент, сите региони можат да аплицираат за финасирање од Структурните фондови. Во економски помалку развиените региони, малите и средните претпријатија можат да добиваат директна поддршка под одредени услови, додека во остатокот на ЕУ, оваа поддршка воглавно е достапна на деловните асоцијации, агенциите за деловна поддршка, локалната администрација и другите посреднички структури. Во сите региони, структурните фондови се фокусираат на мерките - кофинасирање на деловните инкубатори, советувања, обуки, финасиски инструменти за поддршка на МСП, трансфер на технологија, кластерско и мрежно поврзување на МСП.
***Структурни Фондови***: http://ec.europa.eu/regional_policy/country/gateway/index_en.cfm

Европската Комисија обезбрдува повеќе од ***80 милиони евра*** кои ќе бидат достапни за зголемување на конкурентноста на земјоделието и поттикнување на економската разновидност на ***руралните средини***. Посебен напор ќе се прави во корист на развој на рибарството и регионите со специфични карактеристики, како што се планинските или најоддалечените региони во Унијата.  Изборот на проекти за финасирање секогаш се прави на регионоално ниво. Заради тоа, малите и средните претпријатија и останатите организации заинтересирани за користење на средства од структурните фондови треба да бидат во постојан контакт со локалните власти со цел во секој момент да ги имаат потребните информации.
***Развојни политики за рурални подрачја:*** http://ec.europa.eu/agriculture/rurdev/index_en.htm

## JEREMIE иницијативи

**JEREMIE *(„Заеднички европски средства за финансирање на микро, мали и средни претпријатија“)*** е иницијатива на Европската Инвестициона Банка и на Европската Комисија. Таа им нуди можност на регионалните власти да ја  подобрат финасиската состојба на малите и средните претпријатија, инвестирајќи дел од своите пари наменети за регионален развој надополнети со финасиска поддршка од други финасиски институци. Средствата од оваа програма ќе бидат искористени за специфични активности за ***подобрување на достапноста на финансиските инструменти во регионите, како што се капиталот за почетни бизниси, микрокредитирањето и гарантните фондови.*** За повеќе информации погледнете на: http://www.eif.org/what_we_do/jeremie/index.htm

## Европската Унија пред Вашите врати

Малите бизниси, особено во нивната рана фаза, често немаат доволно ресурси да ги следат многуте различни видови помош кои ЕУ може да ги обезбеди. Уште повеќе, тие не се во состојба да го проценат иновативниот и пазарниот потенцијал на своите производи или да ги истражат новите деловни можности, особено надвор од просторите кои тие добро ги познаваат. ***Европската Мрежа на Претпријатија*** ја премостува оваа празнина. Со своите повеќе од 550 контакни пунктови и скоро 4000 лица искусен персонал, таа е најголемата мрежа која обезбедува висококвлитетни, интегрални услуги за МСП, информации за политиките на ЕУ, програмите и законодавството, барањето на деловни партенри и база на податоци за деловна соработка, брокерски настани за трансфер на технологија и знаења, промотивен и информативен материјал, индивидуални компаниски посети  на компании со цел да се проценат нивните потереби, алатки кои ги вклучуваат МСП во носењето на европските политики, поддршка за МСП да се зголеми нивното учество во Европските истражувања.

Следејќи го принципот „не постои погрешна врата“ како и блискоста на принципите, малите и средните претпријатија низ цела Европа ќе ја добијат потребната поддршка локално од страна на било кој партнер на мрежата или ќе бидат преупатени директно до најсодветниот извор на услуги.
Линк: http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm

cip competitiveness and innovation framework programme 2007 2013

www.apprm.gov.mk
www.een.mk
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu

Kontakt: eiicm@apprm.gov.mk
tel 02 3120132

**European Commission**
Enterprise and Industry